# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 2 | Четврток, 01 март 2018 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

### С о д р ж и н а

**Градоначалник на општина Струмица:**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 22. | **Одлука** за избор на директор на Јавното претпријатие заенергетски дејности „Струмица - Гас“ Струмица ........ | 2 |

**Совет на општина Струмица:**

| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| 23. | **Одлука** за давање на согласност за издавање под закуп на објекти во сопственост на општина Струмица ..... | 3 |
| 24. | **Одлука** за резервирање средства за експропријација во Буџетот на општина Струмица за 2018 година ........................ | 4 |
| 25. | **Одлука** за делумно ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за објекти со природни зелени кровови ........................ | 5 |
| 26. | **Одлука** за доделување еднократна парична помош за новороденче на подрачјето на Општина Струмица во 2018 година ........................................... | 5 |
| 27. | **Одлука** за доделување парична помош на Ива Костевска од Струмица ............. | 6 |
| 28. | **Одлука** за доделување парична помош на Ѓорѓи Брдаров од Струмица ........... | 7 |
| 29. | **Одлука** за субвенционирање на дел од надоместокот за приклучување на дистрибутивниот гасоводен систем во 2018 година ......................................................... | 7 |
| 30. | **Одлука** за давање согласност за обезбедени финансиски средства за нови вработувања во ЈП „Паркиралишта - Струмица“ Струмица за 2018 година ..... | 8 |
| 31. | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7960 КО Струмица .......... | 9 |
| 32. | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7746, 7745, 7732/1 КО Струмица ...................................................... | 9 |
| 33. | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 980 КО Попчево ................ | 10 |
| 34. | Предлог – План за запишување на ученици во I година во Средните општински училишта во општина Струмица во учебната 2018 / 2019 година ..................... | 11 |

**35.** **Програма** за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Струмица за 2018 година ........................ 15

**36.** **Заклучок** за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Локална установа библиотека „Благој Јанков - Мучето“ – Струмица ............................................... 18

**37.** **Заклучок** за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Дом за деца и млади „Благој Мучето“ – Струмица ................................ 18

**38.** **Заклучок** за усвојување на Анексот на Годишната програма за работа на Средното општинско училиште „Јане Сандански“ во учебната 2017/2018 година ........................ 19

**39.** **Заклучок** за давање на согласност за Измена и дополнување на годишниот план за вработување за 2018 година на ЈП „Паркиралишта-Струмица“ ........................ 19

**40.** **Заклучок** за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2018 година на Локалната установа библиотека “Благој Јанков Мучето“ Срумица ................ 20

---

**22.**

Врз основа на член 19-а став 4, член 23 и член 24 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 и 61/15) и член 39 став 1 алинеја 9 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за избор на директор на Јавното претпријатие за енергетски дејности „Струмица - Гас“ Струмица**

Член 1

За директор на Јавното претпријатие за енергетски дејности „Струмица - Гас“ Струмица се избира Благој Милановиќ, дипломиран машински инжинер од Струмица, сметано од 06.02.2018 година.

Член 2

Директорот се избира со мандат од 4 (четири) години.

Член 3

За уредување на односите со Јавното претпријатие, ќе биде склучен договор помеѓу Градоначалникот на општина Струмица и директорот на Јавното претпријатие, со кој ќе бидат утврдени правата, одговорностите и овластувањата согласно Закон.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 09-624/7 Општина Струмица
06.02.2018 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

....................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на објекти во сопственост на општина Струмица

Се објавува Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на објекти во сопственост на општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.02.2018 година.

Бр. 09-1597/2 Општина Струмица
01.03.2018 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

...........................................

**23.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.02.2018 година, донесе:

**О д л у к а**
**за давање на согласност за издавање под закуп на објекти во сопственост на општина Струмица**

Член 1

Се дава согласност за издавање под закуп на објекти во сопственост на општина Струмица и тоа:

1. Деловна просторија, заведена во Имотен лист бр.571, м.в Село, КП бр. 555, КО Сачево, во површина од 197 $м^2$;
2. Помошна просторија (П), заведена во Имотен лист бр.1804, м.в.Село, КП бр.4306, КО Муртино, во површина од 90 $м^2$.
3. Деловна проторија (ДП), заведена во Имотен лист бр.1824, м.в.Село, КП бр.3157, КО Банско, во површина од 494 $м^2$.
4. Помошни површини (ПП), заведена во Имотен лист бр.1824, м.в.Село, КП бр.3157, КО Банско, во површина од 113 $м^2$.
5. Помошна просторија (П), заведена во Имотен лист бр.1824, м.в.Село,КП бр.3157, КО Банско, во површина од 20 $м^2$.
6. Помошна просторија (ПО), заведена во Имотен лист бр.1225, м.в.Село, КП бр.5040, КО Куклиш**,** во површина од 86 $м^2$.
7. Деловна зграда вон стопанство (ПР), заведена во Имотен лист бр.1225, м.в.Село, КП бр.5040, КО Куклиш, во површина од 86 $м^2$.
8. Деловна зграда вон стопанство (ПР), заведена во Имотен лист бр.1225, м.в.Село, КП бр.4480/1, КО Куклиш**,** во вкупна површина од 921 $м^2$ – се издава дел во површина од 64 $м^2$.

Член 2

Објектите наведени во член 1 на оваа Одлука, ќе се издаваат под закуп по пат на електронско јавно наддавање, со објава во електронскиот систем за јавно наддавање, во два дневни весника што се издаваат на македонски јазик и еден дневен весник што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Член 3

Висината на месечната закупнина на недвижните ствари ќе се утврди врз основа на проценетата вредност согласно Законот за процена.

Член 4

Постапката за електронско јавно наддавање за издавање на објектите од член 1 на оваа Одлука, ќе ја спроведе Комисијата за располагање со движни и недвижни ствари, формирана од страна на градоначалникот на Општина Струмица.

Член 5

Со стапувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на објекти во сопственост на општина Струмица, („Службен гласник на Општина Струмица“ бр.6/15), и Одлука за измена и дополнување на Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на објекти во сопственост на општина Струмица, („Службен гласник на Општина Струмица“ бр.13/2015).

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „„Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1597/1 Совет на општина Струмица
27.02.2018 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

……………………………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на Општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за резервирање средства за експропријација во Буџетот на општина Струмица за 2018 година

Се објавува Одлуката за резервирање средства за експропријација во Буџетот на општина Струмица за 2018 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.02.2018 година.

Бр.09-1598/2 Општина Струмица
01.03.2018 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.
...............................

**24.**
Врз основа на член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15) Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.02.2018 година, донесе

**О д л у к а**
**за резервирање средства за експропријација во Буџетот на општина Струмица за 2018 година**

Член 1

Со оваа Одлука се резервираат средства за експропријација во Буџетот на општина Струмица за 2018 година, согласно Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2018 година, во износ од 12.493.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука се наменети за решавање на имотно – правни односи – Експропријација и тоа:

- За Подземен канал за Пречистителна станица КО Дабиља и КО Градско Балдовци;
- Во Урбан Блок 19 КО Струмица (Побиен камен);
- Во Урбан Блок 25, 26 КО Струмица (Чамл’к);
- Во Урбан Блок 40, 41 КО Струмица (Грозд);
- Во Урбан Блок 36, 37 КО Струмица (Поранешна Касарна);
- Во Урбан Блок 3, 5 КО Струмица (Зона север); и
- за реализација на други поединечни улици.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1598/1 Совет на општина Струмица
27.02.2018 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
………….............

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на Општина Струмица донесе:

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за за делумно ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за објекти со природни зелени кровови

Се објавува Одлуката за делумно ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за објекти со природни зелени кровови, донесен на седницата на Советот на Општина Струмица, одржана на 27.02.2018 година.

Бр.09-1599/2 Општина Струмица
01.03.2018 год. Градоначалник ,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.
.................................

**25.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.02.2018 година, донесе

**О д л у к а**
**за делумно ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за објекти со природни зелени кровови**

Член 1

Општина Струмица делумно ги ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште во износ од 8,5% од утврдениот комунален надоместок со Програмата за уредување на градежното земиште во 2018 година („Сл. гласник на Општина Струмица“ бр. 23/17), инвеститорите кои во текот на 2018 година, ќе инвестираат во изградба и оджување на природни зелени кровови.

Член 2

Природниот зелен кров преставува уредено катче на кровот од објектот, засадено со природни растенија со вегетација и со уредени системи за одржување.

Член 3

Во колку природниот зелен кров престане да фукционира и биде заменет со друг вид на кров сопственикот на објектот е должен да го надомести делот од средствата за кои е ослободен од плаќање согласно член 1 од оваа Одлука.

Член 4

За природните зелени кровови ќе се води посебна евиденција, а надзор над нивното функционирање ќе врши Одделението за инспекциски работи од областа на урбанизмот, градежништвото и комуналните дејности.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1599/1 Совет на Општина Струмица
27.02.2018 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

………………………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на Општина Струмица донесе:

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за доделување еднократна парична помош за новороденче на подрачјето на Општина Струмица во 2018 година

Се објавува Одлуката за доделување еднократна парична помош за новороденче на подрачјето на Општина Струмица во 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Струмица, одржана на 27.02.2018 година.

Бр. 09-1600/2 Општина Струмица
01.03.2018 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

..............................

**26.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.02.2018 година, донесе:

**О д л у к а**
**за доделување еднократна парична помош за новороденче на подрачјето на Општина Струмица во 2018 година**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува право на доделување на еднократна парична помош од Буџетот на општина Струмица, за 2018 година за новороденче со живеалиште на родителите на подрачјето на Општина Струмица, во нето износ од 3.000,00 денари

Член 2

Право на еднократна парична помош за новороденче има мајка родилка која родила едно или повеќе живородени деца (близнаци, тројка или повеќе) при раѓање.

По исклучок правото на еднократна парична помош може да ја оствари и таткото новороденчето.

Член 3

За остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче се поднесува барање до Градоначалникот на општина Струмица, најдоцна до наполнети три месеци живот на детето.

Барањата кои се поднесени по третиот месец од раѓањето на детето нема да бидат предмет на разгледување.

Член 4

Со барањето за остварување на еднократна парична помош за новороденче се приложуваат следните документи:

1. Лични карти од мајката и таткото на новороденчето (копија).
2. Извод од матичната книга на родените за детето (копија)
3. Трансакциона сметка.

Член 5

Еднократната парична помош за новороденче, врз основа на приложената документација ја доделува Градоначаникот на општина Струмица со поединечно решение.

Член 6

Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на општина Струмица за 2018 година, поточно од потпрограмите АО – Совет; ЕО – Општинска Администрација и ДО – Градоначалник.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1600/1 Совет на општина Струмица
27.02.2018 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

…………………..........

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на Општина Струмица донесе:

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за доделување парична помош на Ива Костевска од Струмица

Се објавува Одлуката за доделување парична помош на Ива Костевска од Струмица, донесена на седницата на Советот на Општина Струмица, одржана на 27.02.2018 година.

Бр. 09-1601/2 Општина Струмица
01.03.2018 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

....................................

**27.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.02.2018 година, донесе:

**Одлука**
**за доделување парична помош на Ива Костевска од Струмица**

Член 1

На Ива Костевска од Струмица и се доделува парична помош во вкупен нето износ 20.000,00 денари, како помош за учество на државни и меѓународни наптревари во пијано.

Член 2

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2018 година и да се трансферираат на доставена од нивна страна трансакциска сметка.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1601/1 Совет на општина Струмица
27.02.2018 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

………………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на Општина Струмица донесе:

Р е ш е н и е
за објавување на Одлука за доделување парична помош на Ѓорги Брдаров од Струмица

Се објавува Одлуката за доделување парична помош на Ѓорги Брдаров од Струмица, донесена на седницата на Советот на Општина Струмица, одржана на 27.02.2018 година.

Бр. 09-1602/2 Општина Струмица
01.03.2018 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

........................................

**28.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.02.2018 година, донесе:

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на Ѓорги Брдаров од Струмица**

Член 1

На Ѓорѓи Брдаров му се доделува парична помош во вкупен нето износ 60.000,00 денари, како помош за извршување на лекарска интервенција (операција) во странство.

Член 2

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2018 година и да се трансферираат на доставена трансакционна сметка.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1602/1 Совет на општина Струмица
27.02.2018 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.............................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за субвенционирање на дел од надоместокот за приклучување на дистрибутивниот гасоводен систем во 2018 година

Се објавува Решението за објавување на Одлуката за субвенционирање на дел од надоместокот за приклучување на дистрибутивниот гасоводен систем во 2018 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.02.2018 година.

Бр. 09-1603/2 Општина Струмица
01.03.2018 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

..................................

**29.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.02.2018 година, донесе:

**О д л у к а**
**за субвенционирање на дел од надоместокот за приклучување на дистрибутивниот гасоводен систем во 2018 година**

Член 1

Со оваа Одлука се субвенционира дел од надоместокот за „Стандарден приклучок на дистрибутивниот гасоводен систем на ЈПЕД „Срумица-гас“ Струмица, во износ од 100 ЕУР во денарска противвредност по домаќинство, но најмногу до 50 приклучоци.

Член 2

Субвенционирањето ќе се изврши преку ЈПЕД „Струмица – Гас“ Струмица, а средствата ќе се обезбедат од Буџетот на општина Струмица за 2018 година - Програмата JL- Други комунални услуги.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1603/1 Совет на општина Струмица
27.02.2018 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

……………..........………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за давање согласност за обезбедени финансиски средства за нови вработувања во ЈП „Паркиралишта Струмица“ Струмица за 2018 година

Се објавува Одлуката за давање согласност за обезбедени финансиски средства за нови вработувања во ЈП „Паркиралишта Струмица“ Струмица за 2018 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.02.2018 година.

Бр.09-1604/2 Општина Струмица
01.03.2018 год. Градоначлник
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

................................

**30.**

Врз основа на член член 30 став 5 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.02.2018 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање согласност за обезбедени финансиски средства за нови вработувања во ЈП „Паркиралишта Струмица“ Струмица за 2018 година**

Член 1

Се дава согласност за обезбедени финансиски средства за нови вработувања согласно Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2018 година во ЈП „Паркиралишта-Струмица“ Струмица бр. 04-186/1 од 16.02.2018 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1604/1 Совет на општина Струмица
27.02.2018 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

……………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7960 КО Струмица

Се објавува Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7960 КО Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.02.2018 година.

Бр.09-1605/2 Општина Струмица
01.03.2018 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.
......................................

**31.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.02.2018 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7960 КО Струмица**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на плански опфат за бесправниот објект, викенд куќа и помошен објект, кој се наоѓа на КП бр. 7960 КО Струмица, во сопственост на лицето Каљопа Маглешева.

Објектот на КП бр.7960 КО Струмица, според ГУП на град Струмица, се наоѓа вон градежниот опфат, на земјиште сопственост на Република Македонија.

.Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1605/1 Совет на општина Струмица
27.02.2018 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
…………………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7746, 7745, 7732/1 КО Струмица

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7746, 7745, 7732/1 КО Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.02.2018 година.

Бр.09-1606/2 Општина Струмица
01.03.2018 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.
..............................

**32.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.02.2018 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7746, 7745, 7732/1 КО Струмица**

Член 1

